Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 22 и член 25 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет **Бизнис** за **III (трета) година** за образовните профили во економско-правна и трговска струка на четиригодишното средно стручно образование за учебната 2020/21 година.

## 1. ВОВЕД

Скратената наставна програма по наставниот предмет **Бизнис** за **III (трета) година** за образовните профили во економско-правна и трговска струка на четиригодишното средно стручно образование за учебната 2020/21 година се базира на целите предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, односно за наставен предмет со неделен фонд од 2 часа се предвидуваат 64 часа во скратената наставна програма.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ТЕМИ И НАСТАВНИ ЕДИНИЦИ

Тема 1: **Иновации** (8 часа)

Наставни единици:

- Истражување и развој
- Иновации и инвенции
- Индустриска сопственост

Тема 2: **Инвестиции** (6 часа)

Наставни единици:

- Поим и значерње на инвестиции
- Фази на инвестирање
- Оценка на инвестициите
- Ризик при инвестирање

Тема 3: **Маркетинг** (10 часа)

Наставни единици:

- Поим за маркетинг
- Маркетинг микс
- Методи на истражување на пазарот
- Големина на пазарот
- Сегментирање на пазарот

Тема 4: **Етика и бизнисот** (6 часа)

Наставни единици:

- Етика и етички кодекс
- Етички проблеми и нивното влијание врз бизнисот
- Етика во комуникацијата

Тема 5: **Општествена одговороност** (8 часа)

Наставни единици:

- Општествената одговорност – суштина, концепт и класификација
- Подрачја на општествената одговорност
- Заштита на животната средина

Тема 6: **Технологија и е-бизнис** (10 часа)

Наставни единици:

- Поим и значење на технологијата
- Типови на производство
- Е-бизнис и е-трговија
- Сигурност на податоци

Тема 7: **Меѓународен бизнис** (16 часа)

Наставни единици:

- Дефинирање на поимот меѓународен бизнис
- Меѓународно бизнис окружување
- Канали преку кои се остварува меѓународниот бизнис
- Придобивки од меѓународниот бизнис
- Претпријатија во меѓународниот бизнис
- Меѓународни трговски и финансиски организации

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните единици во скратената наставна програма по наставниот предмет Бизнис за III (трета) година за образовните профили во економско-правна и трговска струка на четиригодишното средно стручно образование за учебната 2020/21 година го даваат текот на реализацијата на материјалот. Според потребите, наставниците самите го распределуваат предвидениот скратен фонд на часови наменет за новите содржини, за повторување, утврдување, вежби, проверка на знаењата на учениците, систематизирање, истражување, реализација на проекти, организирање настани и сл.

Во процесот на поучување наставникот треба да применува методи и форми на активна настава. При разработка на новата наставна единица, наставникот треба постојано да ги вклучува учениците во текот на часот преку прашања и одговори, искажување на ставови, дискусии и сл. Со техниките на учење што ќе ги применува наставникот ќе се овозможи развивање на критичкото размислување кај учениците, способноста за самостојно истражување, анализирање и решавање на проблеми.

Следењето на постигањата на учениците наставникот индивидуално го интегрира во рамките на предвидените часови за реализација, користејќи најразлични методи, техники и инструменти. Навремената и конструктивната повратна информација им овозможува на учениците да ги идентификуваат следните чекори потребни за да напредуваат во учењето.

Заради постигнување на целите од редовната наставна програма по наставниот предмет Бизнис планирано е примена на различни наставни средства и помагала: учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење, компјутерска и мултимедијална опрема, ЛЦД проектор, аудио-визуелни наставни средства, Интернет, образовни софтвери, дигитални содржини, образовни платформи, апликации и др. согласно условите и можностите на училиштето.

## 4. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната наставна програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет **Бизнис** за III **(трета) година** за образовните профили во економско-правна и трговска струка на четиригодишното средно стручно образование за учебната 2020/21 година ја утврди

**Арх. Бр. 13-9341/7**

**16.9.2020 година**

**Министер за образование и наука,**

**Мила Царовска**